# ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

# П Р О Г Р А М А
# за развој на училишниот спорт во Република Македонија
# 2010 -2015

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Федерацијата на училишниот спорт во наредниот период има повеќе цели што ќе настојува да се остварат со реализаија на Програмата, но секако приоритет имаат неколку кои се основа за натамошниот развој на училишниот спорт во Република Македонија.

Зголемување на опфатот на ученици од основните и средните училишта со спортски и спортско-рекреативни активности.

Градење на односи и соработка со локалната самоуправа, како важен чинител во новата структура на надлежности ио безбедување на услови за реализиацција на програмите на Федерацијата на училишен спорт, на локално и централно ниво.

Афирмација и претставување на Македоснкиот спорт на меѓународните натревари организирани од Светската федерација на училишен спорт.

Обезбедување на статус на стручните кадри вклучени во реализацијата на училишниот спорт на локално и централно ниво.

Во наредниот период приоритет ќе добие градењето на соодветен спортски систем компактибилен со моделот прифатен за децентрализација на државата во сите нејзини сегменти, па и во обласа на спортот, поточно во делот на училишен спорт.

Остварување на подобри резултати од квантитативен и квалитативен аспект, како и афирмирање и прифаќање на новиот систем на организирање.

Обезбедување на квалитетно финансирање во делот на училишен спорт, нудејќи квалитетни програми, со поддршка на Агенцијата за млади и спорт, Министерството за образование и наука, единиците на локална самоуправа, спонзори, донатори и со самофинансирање на дел од програмите преку членарина и волонтирање.

## СОСТОЈБА

Организираниот училишен спорт во Република Македонија има своја долгогодишна традиција, зад која стојат голем број спортски педагози, спортски работници, спортисти, родители и ученици. Во својот повеќедеценисли равој, училишниот спорт се развивал согласно општествено економските и политичките услови во државата и бил постојано поддржуван.

По распаѓањето на поранешна Југославија тогашниот Сојуз на училишни друштва за физичка култура на Македонија ( СУДФКМ ) направи сериозни и навремени активности за преструктуирање и модернизација на Федерацијата. Така во 1995 година Сојузот се преименува со Сојуз на училишен спорт на Македонија(СУСМ), а согласно новиот Закон за спортот ( "Сл весник на РМ бр.27/02") во Федерација на училишен спорт на Македонија. Се утврдија долгорочни насоки за развој на училишниот спорт, во кои приоритет имаше диференцирањето на надлежностите во реализација на програмските задачи определувајќи простор и обврски за територијално и функционлно поврзување. Со јасно утврдени обврски за училиштата, општината и Републиката, разграничувајќи ги надлежностите на образованието и спортот. Ако на ова се додаде и новиот економски и полтички систем, на плурализам и пазарно работење, во кои штотуку зачекоривме, а за кои немавме доволно

информации и сознанија, тогаш навистина бевме пред голема раскрсница, за која требаше добра организација, познавање на теренот и добри визии за иднината на училишниот спорт и нашите деца.

Времето на неизвесност и експерименти е зад нас, а остварените резултати најмногу зборуваат. Федерацијата на училишниот спорт на Македонија се определи за широки програмски активности во кои бројките застрашуваат и обврзуваат. Наша база е училишната популација, која според, податоците од Министерствот за образование и наука , изнесува околу 340 илјади ученици во оснвните и средните училишта, значајната материјална база на околу 150 спортски сали со различен квалитет, димензии и бројни отворени објекти во образованието, како и големиот кадровски потенцијал од околу 800 наставници беше и остана најголемото богатство и база за развој на спортот.

Дефинирањето се одвива во определување на обврските, интересите и потребите на образованието наспроти спортот. Утврдување на степените на натпревари и носителите на активности во нив. Не е доволно само опстојување на највисокиот државен систем на натпревари, потребно е функционирање на системот и во основните клетки класот и училиШтето, односно училишниот спортски клуб.

Сакаме и настојуваме нашите активности да бидат кохезиона сила која ќе ги обединува интерсите на сите субјекти во спортот и образованието. А тоа го докажавме бидејќи сите заедно придонесуваме за зголемен опфат на ученици, организирани класни, училишни и општински натревари, грижа за спортските таленти и рана спортска специјализација реализирана низ зонскиот и државниот систем на училишниот спорт во кои имаме и висок квалитет и добри спортски остварувања и на крајот високи спортски остварувања во рамките на државните и меѓународните натревари за овие возрасти во кои обезбедивме рана спортска специјализација, а кои заеднички секој во својот дел ја организираме заедно со националните спортски сојузи.

### *Организациона поставеност*

Федерацијта на училишниот спорт има разгранета мрежа во државата со која се опфатени околу 1100 основни и 90 средни училишта. Тие се организирани во училишни спортски друштва, односно клубови во зависност од интересот на учениците и наставниците, местоположбата, матријалната база, традицијата и интересот на родителите.

Основна клетка во системот на нашето организирање е училишното спортско друштво друштво, надградено во општинските здруженија, не по новата, туку по старата админстративна и терторијална поделба и на крајот Федерацијата на училишниот спорт на Македонија, како највисока форма на организирање, која има многу значајна улога во работата со младите. Во градењето на нашата мрежа имаме сериозни пречки, кои произлегуваат пред се од фактот што во основа на сите наши активности лежи аматеризмот на сите учесници. Секако во најтешка состојба се наставниците, кои не се доволно наградени и стимулирани за својата стручна работа, која ја изведуваат професионално во аматерски услови. Работиме и настојуваме и во нашите програмски насоки јасно сме се определиле дека секое стручно лице мора да биде и соодветно наградено, како основа за успешно остварување на програмските активности.

Со реорганизацијата на Федерацијта на училишниот спорт во Македонија направивме и подршка на нашата мрежа од професионално вработени, кои се распоредени во најразвиените центри во Државата. Вработените ги организиравме, а добивме и нивна согласност да се вклучат во системот на Федерацијта на училишниот спорт, обидувајЌи се преку реализација на програмски содржини и да се оствари соодветна плата.

### *Систем на училиШни натпревари во Република Македонија*

Федерацијта на училишен спорт во својота програма застапува обемен и разгранет програм на спортски активности **во футсал, кошарка, ракомет, одбојка, атлетика, стрелаштво, карате, пинг-понг, скијање, шах, пливање, кајак на мирни и диви води, бадминтон, гимнастика, одбојка на плажа, борење слободен стил и Олимписки игри за деца**

**со посебни потреби.** Целиот програм се реализира во неколку степени, а тежиштето Федерацијата на училишен спорт го става на вториот, третиот и четвртиот степен, во кои се реализираат општинските, зонските, регионалните и Државните натпревари.

Федерацијата на училишен спорт реализира два спортски системи, од кои едниот е наменет за учениците од основните, а другиот од средните училишта. Двата системи се реализираар во годишен и двегодишен циклус. Секоја година се реалзираат меѓукласни натревари, во рамките на образованиот систем, потоа се организираат општинските, зонските, регионалните и републичките натревари во горенаведените спортови, а секоја втора година се организираат Олимијади за средни и основни училишта. Во парните години Гимназијади за средните училишта, а во непарните години Мали олимписки игри за основните училишта.

Овој сложен и обемен систем бара материјална поткрепа, ангажирани наставници и професори за реализација особено на тренажниот процес, бидејќи не е можно неподготвен да ги поминеш сите степени на натпревари и да дојдеш до Државните првенства и Олимпијади, соодветни објекти со опрема и реквизити, судии и секако стручни реализатори на натпреварите.

Сепак со голем ентузијазам и ангажирање на сите учесници во овј сложен спортски систем оствaруваме високи резултати како во однос на квантитет, така и во однос на квалиетни спортски резултати.

Напоредно со ова правени се обиди за реоргнизација на организационата шема, при што се обновени голем број на училиШни секции и спортски школи и општински сојузи со дефинирани цели и задачи, реализатори на програми, развиен тренажен процес и др.

Со задоволство можеме да констатираме дека во рамките на нашите креации во системот на натреварите отидовме во чекор со современите остварувања во однос на опфат на учениците од посебните училишта, за кои организираме посебен систем на натревари, во кои се модифициртани дисциплините и правилата, а се организира во тродневен турнир. Задоволството е големо затоа што спортот го приближивме до оваа група на ученици. Овој дел од нашиот систем на натревари го надоградуваме и за наредниот период планираме надоградба, која секако ќе зависи од нашата матријална состојба.

Благодерајќи на сите овие активности се дојде до солидни резултати, на кои работиме да бидат уште подобри. Така, во 2007 година по иницијатива на Агенцијата за млади и спорт и Министераството за образование и наука, Федерацијата на училишен спорт на Македонија реализираше пилот проект со четири државни училишни лиги во мал фудбал машки за основни и средни училишта, како и ракомет женски за основни и кошарка машки за средни ужилишта.

### ***Учество на меѓународни натпревари***

Со влегувањето на Федрацијата на училишен спорт на Македонија во Светската федерација на училишен спорт (ИСФ) , се отворија можностите и за наше Меѓународно претставување. Така од 1996 година па наваму учениците од Република Македонија се дел од големите меѓународни училишни натрвеари , ширум светот. Покрајј ова, нашите членови остваруваат и високи спортски резултати за што сведочат и сотварените резултати на меѓународните натпревари.

Во оваа пригода сакаме да го искажеме нашето задоволство од успешната соработка со националните спортски сојузи во обезбедувањето на што подобри подготовки и настап на меѓународната спортска сцена. Искуствата покажаа дека навистина можеме зеднички многу да сториме и достојно да се преставуваме во светот.

### ***Едукација на стручен кадар (семинари, советувања и други форми на активност)***

Федерацијата на училишен спорт на Македонија како една од основните програмски определби ја има задачата да даде прилог во перманентната едукација на постојниот и заинтересиран стручен кадар. Така во изминатиот период Федерацијата организираше бројни семинмари и советувања во кои одбравме две форми на работа, првата е истакнати

експери од поедини области да дадат свои видувања и елаборација за пдредени проблеми, а втриот е најуспешните наставници и професори кои учествуваат во реализација на училишниот систем на натпревари да ги презентираат своите искуства.

Семинарите и советувањето ги организираме на тродневни семинари за кои однапред определуваме теми и покануваме учесници. Реализација на семиарите ја оствaруваме во соработка со Факултетот за физичка култура, националните спортски федерации, и одредени воспитно-образовни институции кои даваат прилог од свој аспект.

Оваа форма на работа се практикува и во општинските здруженија каде на еднодневна средба стручните лица расправаат за одредени стручни, научни и технолошко-методолошки проблеми.

Во рамките на надградба на стручните лица, Федерацијата посветува внимание и на судии како дел од стручните кадри неопходни за реализација на системот на натревари. Пракса е пред одржување на на звршните Државни натревари да се прават стручни средби на судиите од одделни спортови, каде се усогласуваат и надоградуваат критериумите и правилата на судење. Посебно внимание посветуваме и на судиите кои го релизираат системот на натревари за ученици со посебни потреби.

### *Наградување*

Наградувањето на учесниците во системот на натревари во Федерацијата на училишен спорт е решен во рамките на матријалните можности. Наградување е обезбедено за учениците и за наставниците. За учениците обезбедени се награди за прволпасираните тројца, на општински, зонски и републички натревари , во индивдуални спортови и за првите три екипи во екипните спортови, се доделува диплома и пехар.

За наставниците покрај медал и диплома се обезбедува и парична награда, која зависи од средвата на Федерацијата. Тие средства се варијабилни и зависат од остварувањата во натпреварувачката година. Покрај ова, за најуспешните наставници во сите спортови се обезбедува и безплатен престој и учество на семинар, кој најчесто ги оргнизраме на крајот на учебната година во познати спортски центри, Крани, Пелистер, Охрид и др, а по секој одржан издаваме и зборник на трудови..

### *Спортски школи*

Федерацијата на училишен спорт на Македонија постојано бара нови форми во градењето на својата програмска структура. Во последните пет години работиме на проектот "Спортски школи" за кои има мнаогу заинтересирани субјекти.

Наша програмска опредлеба е спортските школи да имаат изградено современ технолошко-методолошки пристап, надограден со соодветен систем на натревари, утврдена програма и координација, а како гарант и услов за успешност стручната реализација да биде водена од стручен кадар, како што е утврдено во законот.

Мораме да ја елабoрираме состојбата таква каква што е, во моментов имаме голем број "диви" спортски школи, кои се реализираат од поединци, без да имаат комуникација и припадност кон некои нациналии спортски федерации или Федерацијата на училишниот спорт. Ние не сакаме да држиме монопол во реализцијата на спортскиет школи, но сакаме овој дел од спортот да биде уреден и да се почитуваат сите нроми во негова реализација. Најчество во моментот главна преокупација е како да се приберат средтвата од учениците, без да се задоволоат основните норми. Ваквото дивеење сме на пат да го запреме со координирана активност со нациопналните спортски федерации и Агенцијата за млади и спорт.

Во Законот за спортот точно е утврдено кој може да реализира програми од дејнопста спорт и во кои услови. Затоа, ќе бараме сите организтатори на спортските школи да бидат регистрирани како спортски клубови, спортски здруженија или трговски друштва или трговец поедеинец кои мора да имаат решение за вршење дејност спорт.

## *Издавачка дејност*

Федерацијата на училишен спорт иако ограничен со средтва големо внимани посветува на издавачката дејност. така во измнативе десетина години објавени се повеќе стручни трудови и прирачници ,како помош во реализација на трнажниот процес. Во изминатиот период издадени се десетина книги и неколку списанија Училишен спорт, но поради недостиг на средства запре со оваа активност, а по секој одржан семинар и зборници на трудови од учесниците на семинарите.

Досегашните искуства покажаа дека инвестициите во издавачката дејност се оправдани и дека треба да продолжиме перманентно да го негуваме овој дел од нашата програмска активност

## *Финансирање на федерацијата*

Финасирањето на Федерацијата на училишен спорт се реализира од неколку извори меѓу кои најзначајни се средтвата остварени од :

1. Буџет на Република Македонија
2. Од членарина
3. Од донации и спонзорства
4. Партиципација на градот домаќин во организација на Државните натпревати.

Средствата се користат исклучиво наменски според Програмата на Федерацијата, а се распределуваат согласно утврдените критериуми за распределба на остварените средства.

Критериумите за распредлба на средства се насочени во неколку сегменти и тоа:

1. **Реализација на систем на натревари**:
- за реализација на општинските натревари
- за реализација на зонските натревари
- за реализација на регионални натпревари
- за реализација на државните натревари
- за подготовки и учество на меѓународни натревари

2. **Награди и признанија**
- за прволасираните тројца натпреварувачи и екипи
- за награди на наставниците и професорите на општински, зонски и републички натпревари

3. **Летен камп и семинари**
- за летен капм
- за семинари

4. **Опрема и реквизити**
5. **Плати за вработени**
6. **Издавачка дејност**
7. **Работа на органите и телата на Федерацијата**
8. **За развој на училишниот спорт**

Дел од средстват остварени од членарина останиваат во основната клетка училишниот спортски клуб и општинскиот сојуз за училишен спорт. Средтвата од донации и спонзорства тешко се остваруваат поради недостигот на законска регулатива за даночно стимулирање на даночните обрзници што финасираат во спортот, особено во училишниот. Средтвата за реализација на програмските задачи се недоволни и затоа дел од програмите се реализираат и со голема помош и ентузијазам од родителите, а некојпат и од воспитно-образовните установи.

***Активности во училишниот спорт во воспитно-образовните установи***

Во рамките на училишните планови и програми утврдени се нормативите за наставни и вонннаставни содржини, како и термини од два часа неделно настава по физичко образование (од учебната 2007/2008 година три часа) и скромен фонд на термини за вончасовни активности на учениците од сите степени на образованието.

Во рамките на програмските активности воспитно-образовните установи реализираат вончасовни активности, користејќи разни форми на активности за да се направи што поголем опфат на ученици во реализација на истите. Се организираат бројни натпревари во рамките на основната училишна клтека класот, се организираат и меѓукласни натпревари, со што се исполнува условот за селектирање на најдобрите, кој пак учествуваат во редовни меѓушколски натпревари, како општински систем на натпревари. Тука престанува и обврската на воспитно-образовните установи да организираат зонски, меѓузонски и државни натпревари, затоа што Федерацијата на училишен спорт на Македонија се појавува како носител на активностите. Училиштата својата активност ја продолжуваат и со тренажен процес, со користење на училишните објекти и педагози по физичко и здравствено образование. Според тоа, цениме дака активностите во вопситно-образовните установи во делот на училишниот спорт се значајни и за голем респект.

## ПРОГРАМСКО - ОРГАНИЗАЦИСКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

Еден од примарните приоритети во наредните години е формирањето на училишни спортски клубови и општински организации за училишен спорт како правни лица, преку кои на легален начин ќе се отвараат спортски школи во кои ќе се ангажираат и невработени стручни кадри. За таа цел неопходна е поинтензивна соработка со локалната власт и раководството на училиштето, со што ќе се овозможи и поголем развој на општинскиот систем на натпревари во певеќе возрасни категории и повеќе спортови. За остварување на овие идеи се планира поставување на координатори за развој на општинскиот спорт во сите општини, односно региони, кои ќе бидат подржани и од централната и од локалната власт преку Федерацијата на училишен спорт на Македонија.

Отпочнување на помасовно организирање на спортски активности со учениците од одделенска настава преку сегментот Забавен училишен спорт, каде може да се очекува активирање над двеста невработени стручни кадри од физичкото образование и спортот.

Трансформирање на системот на натпревари во општински, зонски и државни спортски лиги е добра перспектива за развој на училишниот и клубскиот спорт, со што спортот ќе го добие вистинското место во општеството.

Овие покрупни стратешки определби за развој на училишниот спорт, а со тоа и на спортот во целина се од суштинско значење за отварање нови хоризонти во севкупниот општествен развој на Република Македонија.

Ноември, 2009

**Федерација на училишен спорт на Македонија**